# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**„Службен весник на СРМ" излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена. Огласи според тарифата.**

Сабота, 10 декември 1983
Скопје
Број 34 Год. XXXIX

**Претплатата за 1983 година изнесува 1.200 динари. Овој број чини 60 дин. Жиро сметка 40100-603-12498**

**509.**

Врз основа на член 109 од Законот за системот на општественото планирање и за општествениот план на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд, Соборот на општините и Општествено-политичкиот собор, одржани на 23 ноември 1983 година, донесе

### ИЗМЕНИ НА РЕЗОЛУЦИЈАТА ЗА ПОЛИТИКАТА НА ОСТВАРУВАЊЕТО НА ОПШТЕСТВЕНИОТ ПЛАН НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ПЕРИОДОТ ОД 1981 ДО 1985 ГОДИНА ВО 1983 ГОДИНА

Во Резолуцијата за политиката на остварувањето на Општествениот план на Социјалистичка Република Македонија за периодот од 1981 до 1985 година во 1983 година („Службен весник на СРМ" број 49/82) се вршат следните измени:

1. Во точката 2, текстот на последната реченица се менува и гласи:

„Изворните приходи за задоволување на општите општествени и на заедничките потреби, без тие кои се изземени од ограничување согласно со Сојузната и оваа Резолуција, ќе растат номинално најмногу до 18% во однос на остварените во 1982 година."

2. Во точката 8.4. текстот на ставовите 1, 2, 3, 4 и 5 се менува и гласи:

„Вкупните изворни приходи за задоволување на општите општествени и на заедничките потреби во 1983 година ќе растат најмногу до 18% во однос на остварените во 1982 година сметано без придонесот на Републиката за Буџетот на Федерацијата, обврските на Републиката за отстранување на последиците од земјотресот во СР Црна Гора, обврските за надминување на разликите настанати поради различните услови за упис на заемот и пласманот на средствата на Фондот на федерацијата за кредитирање на побрзиот развој на стопански недоволно развиените републики и автономни покраини, придонесот на Фондот на солидарноста со неврзаните земји и земјите во развој, средствата кои се насочуваат на Интересната заедница на Југославија за економски односи со странство, како и средствата за исплата на пензии и инвалиднини со додатоци и придонесите од тие исплати.

Во рамките на вкупните изворни приходи за задоволување на општите општествени и на заедничките потреби приоритет ќе се даде на приходите за задоволување на заедничките потреби.

За постигнување на поусогласени текови во репродукцијата на општествените дејности приоритет ќе се даде на приходите за задоволување на заедничките потреби во здравството, основното и средното насочено образование и науката.

Можниот пораст на изворните приходи по одделни намени и корисници ќе се утврди со закон."

Ставот 7 се брише.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-3122
23 ноември 1983 година
Скопје

По овластување
на Претседателот на Собранието
на СРМ
Потпретседател
на Собранието на СРМ,
**Ката Лахтова**, с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
д-р инж. **Илија Черепналковски**, с. р.

Претседател
на Соборот на општините,
**Сервет Салиу**, с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Ванчо Близнаковски**, с. р.

---

**510.**

Врз основа на член 376, став 1, алинеја 6 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, Претседателството на Социјалистичка Република Македонија издава

### УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВРЕМЕНА ЗАБРАНА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ДЕЛ ОД ОПШТЕСТВЕНИТЕ СРЕДСТВА НА ОПШТИНИТЕ, РЕПУБЛИКАТА И НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ ОД ОПШТЕСТВЕНИТЕ ДЕЈНОСТИ ЗА ПОТРОШУВАЧКАТА ВО 1983 ГОДИНА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за привремена забрана на располагањето со дел од општествените средства на општините, Републиката и на самоуправните интересни заедници од општествените дејности за потрошувачката во 1983 година,

што Собранието на Социјалистичка Република Македонија го донесе на одделни седници на Соборот на здружениот труд, Соборот на општините и Општествено-политичкиот собор, одржани на 23 ноември 1983 година.

Бр. 08-3159
23 ноември 1983 година
Скопје

Претседател
на Претседателството на СРМ,
**Благоја Талески**, с. р.

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Бошко Станковски**, с. р.

# ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВРЕМЕНА ЗАБРАНА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ДЕЛ ОД ОПШТЕСТВЕНИТЕ СРЕДСТВА НА ОПШТИНИТЕ, РЕПУБЛИКАТА И НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ ОД ОПШТЕСТВЕНИТЕ ДЕЈНОСТИ ЗА ПОТРОШУВАЧКАТА ВО 1983 ГОДИНА

Член 1

Во Законот за привремена забрана на располагањето со дел од општествените средства на општините, Републиката и на самоуправните интересни заедници од општествените дејности за потрошувачката во 1983 година („Службен весник на СРМ", бр. 29/83), во член 1, по бројот „31/83", се става запирка и се додаваат броевите и зборовите: ,41/83 и 59/83 (во натамошниот текст: Сојузен закон)".

Член 2

По член 1 се додаваат три нови члена, кои гласат:

„Член 1-а

Привремената забрана на располагањето со дел од општествените средства во 1983 година се однесува на средствата што ќе се остварат од изворните приходи на Републичкиот буџет над стапката на пораст од 15% во однос на остварените приходи во 1982 година, намалени за изземањата утврдени со Сојузниот закон.

Привремената забрана се однесува и на средствата што ќе се остварат од изворните приходи на општинските буџети над стапката на пораст од 15% во однос на остварените приходи во 1982 година.

Член 1-б

Привремената забрана на располагањето со дел од општествените средства во 1983 година се однесува на средствата на републичките самоуправни интересни заедници остварени од изворните приходи, освен на средствата за исплати на пензии и инвалиднини со додатоци на придонесите од тие исплати и тоа над следниве стапки на пораст во однос на остварените приходи во 1982 година:

| | |
|---|---|
| — РСИЗ за општествена заштита на децата | 29,4% |
| — РСИЗ за основно образование | 18,0% |
| — РСИЗ за насочено образование | 18,3% |
| — РСИЗ за социјална заштита | 27,8% |
| — РСИЗ за наука | 20,0% |
| — РСИЗ за пензиско и инвалидско осигурување | 13,0% |

Привремената забрана се однесува и на средствата на општинските самоуправни интересни заедници остварени од изворните приходи, и тоа над следниве стапки на пораст во однос на остварените приходи во 1982 година:

| | |
|---|---|
| — СИЗ за здравство и здравствено осигурување | 26,0% |
| — СИЗ за општествена заштита на децата | 16,7% |
| — СИЗ за основно образование | 18,0% |
| — СИЗ за култура | 15,0% |
| — СИЗ за физичка култура | 13,0% |
| — СИЗ за вработување | 17,6% |
| — СИЗ за социјална заштита | 28,4% |

Со самоуправни спогодби меѓу општинските самоуправни интересни заедници од општествените дејности најдоцна до 15 декември може да се определат и поинакви проценти од утврдените во став 2 од овој член, со тоа што вкупниот износ да не го надмине дозволениот пораст на средства утврден во став 2 од овој член.

Член 1-в

Основицата за примена на процентите од член 1-а и 1-б на овој закон ја сочинуваат износите на средствата на општествено-политичките заедници и на самоуправните интересни заедници од општествените дејности остварени во 1982 година, намалени за издвоените вишоци на приходи на посебни сметки кај Службата на општественото книговодство."

Член 3

Член 3 се брише.

Член 4

Овој закон влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

---

**511.**

Врз основа на член 35 од Законот за високото образование („Службен весник на СРМ" број 49/74 и 36/76), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 23 ноември 1983 година, донесе

# ОДЛУКА
## ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО УНИВЕРЗИТЕТСКИОТ ЦЕНТАР НА УМЕТНОСТИТЕ — СКОПЈЕ

Се разрешуваат претставниците на општествената заедница во Универзитетскиот центар на уметностите во Скопје, поради истек на мандатот за кој се именувани:

— Борис Атанасовски,
— Соња Димитрова — Абаџиева,
— Владо Поповски,
— д-р Сејфедин Сулејмани,
— Душан Димитров,
— Елена Димитриевиќ,
— Милчо Балевски.

За претставници на општествената заедница во Универзитетскиот центар на уметностите — Скопје се именуваат:

1. Томе Пулејков, судија на Врховниот суд на Македонија,
2. Стојмир Поповски, делегат во Општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ,
3. Драган Бошнаковски, директор на Републичкиот завод за конзервација и реставрација,
4. Елпида Паковска, примабалерина во пензија,
5. Мери Бошкова, член на Советот на Републиката,
6. Ирфан Беќур, артист на Театарот на народностите во Скопје,
7. Павле Кузмановски, дизајнер во Волнарскиот комбинат „Тодор Циповски Мерџан" — Тетекс, Тетово.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-3143
23 ноември 1983 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Бошко Станковски,** с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
д-р инж. **Илија Черепналковски,** с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Ванчо Близнаковски,** с. р.

512.

Врз основа на член 35 од Законот за високото образование („Службен весник на СРМ" број 49/74 и 36/76), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 23 ноември 1983 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО УНИВЕРЗИТЕТСКИОТ ЦЕНТАР ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ВО СКОПЈЕ

Се разрешуваат претставниците на општествената заедница во Универзитетскиот центар за медицински науки во Скопје, поради истек на мандатот за кој се именувани:
— Тимо Ефтимов,
— Седат Вели,
— д-р Душан Зец,
— Кицо Нонковски,
— Љупчо Ајдински.

За претставници на општествената заедница во Универзитетскиот центар за медицински науки во Скопје се именуваат:

1. Есад Имери, претседател на Комисијата на Претседателството на ОСМ за развој, организационо-политичка и кадровска изградба на ССМ,

2. Вергула Кардула, член на Советот на Републиката,

3. Петар Цундев, делегат во Општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ,

4. Илија Бошков, член на Претседателството на РК на ССРНМ.

5. Михајло Мургешански, член на Советот на Републиката.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 08-3142
23 ноември 1983 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Бошко Станковски,** с. р

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
д-р инж. **Илија Черепналковски,** с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Ванчо Близнаковски,** с. р.

---

513.

Врз основа на член 35 од Законот за високото образование („Службен весник на СРМ" број 49/74 и 36/76), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 23 ноември 1983 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Се разрешуваат членовите на општествената заедница во Медицинскиот факултет во Скопје, поради истек на мандатот за кој се именувани.
— Ангеле Божиновски,
— д-р Ѓорѓи Ангеловски,
— Димче Димитриевски,
— Томе Малески,
— Љубомир Бабунски,
— Есад Имери,
— Вера Крстевска,
— д-р Никола Стојановски,
— Слободан Шајноски.

За претставници на општествената заедница во Медицинскиот факултет во Скопје се именуваат:

1. Димче Кирациски, член на Советот на Републиката,

2. Драгољуб Димковски, потпретседател на Извршниот совет на Собранието на општината Куманово,

3. Јован Наумовски, делегат во Соборот на општините на Собранието на СРМ,

4. Стево Кулумов, делегат во Соборот на општините на Собранието на СРМ,

5. Томе Георгиевски, секретар на Комисијата на Претседателството на ЦК СКМ за кадровска политика,

6. д-р Душан Зец, советник на претседателот на Републичкиот комитет за здравство и социјална политика,

7. Никола Поповски, член на Советот на Републиката,

8. Ратко Капушевски, претседател на ОК на СКМ на општината „Центар" — Скопје,

9. Ефтим Петров, дипломиран правник, делегат во Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ од Скопје.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-3141
23 ноември 1983 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Бошко Станковски,** с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
д-р инж. **Илија Черепналковски,** с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Ванчо Близнаковски,** с. р.

---

514.

Врз основа на член 35 и 43 од Законот за високото образование („Службен весник на СРМ" број 49/74 и 36/76), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 23 ноември 1983 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО ФАКУЛТЕТОТ ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА И ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ ПРЕДЛОГ ЗА ИЗБОР НА ДЕКАН НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ФИЗИЧКА КУЛТУРА ВО СКОПЈЕ

За претставници на општествената заедница во Факултетот за физичка култура во Скопје се именуваат:

1. Цоца Николовски, делегат во Сојузниот собор на Собранието на СФРЈ,

2. Теофил Томановиќ, постојан судија на Основниот суд на здружениот труд во Скопје,

3. Драгољуб Лазов, уредник на весникот „Нова Македонија" — Скопје.

За членови на Комисијата за изготвување предлог за избор на декан на Факултетот за физичка култура во Скопје се именуваат:

1. Спирко Спирковски, делегат во Општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ,

2. Боге Сотировски, претседател на Матицата на иселениците на Македонија.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-3147
23 ноември 1983 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Бошко Станковски,** с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
д-р инж. **Илија Черепналковски,** с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Ванчо Близнаковски,** с. р.

**515.**

Врз основа на член 35 од Законот за високото образование („Службен весник на СРМ“ број 49/74 и 36/76), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 23 ноември 1983 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИК НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО ООЗТ АРХИТЕКТОНСКИ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

За претставник на општествената заедница во ООЗТ Архитектонски факултет во Скопје се именува

м-р Васил Василевски, член на ИС и секретар на Секретаријатот за урбанизам и комунално-станбени работи на Собранието на општината „Карпош“ — Скопје.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-3146
23 ноември 1983 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Бошко Станковски,** с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
д-р инж. **Илија Черепналковски,** с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Ванчо Близнаковски,** с. р.

**516.**

Врз основа на член 14 од Законот за организирање на научните дејности („Службен весник на СРМ“ број 17/74, 46/76 и 42/77), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 23 ноември 1983 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИК НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО ИНСТИТУТОТ ЗА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК „КРСТЕ МИСИРКОВ“ ВО СКОПЈЕ

Се разрешува претставникот на општествената заедница во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ во Скопје, поради истек на мандатот за кој е именуван

Никола Чинговски.

За претставник на општествената заедница во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ во Скопје се именува

Владо Василевски, директор на Библиотеката „Браќа Миладиновци“ — Скопје.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-3144
23 ноември 1983 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Бошко Станковски,** с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
д-р инж. **Илија Черепналковски,** с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Ванчо Близнаковски,** с. р.

**517.**

Врз основа на член 35 од Законот за високото образование („Службен весник на СРМ“ број 49/74 и 36/76), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 23 ноември 1983 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИК НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО ЕКОНОМСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО ШТИП

Се разрешува претставникот на општествената заедница во Економскиот факултет во Штип, поради истек на мандатот за кој е именуван

Владо Гоговски.

За претставник на општествената заедница во Економскиот факултет во Штип се именува

Михајло Арсов, делегат во Општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-3145
23 ноември 1983 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Бошко Станковски,** с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
д-р инж. **Илија Черепналковски,** с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Ванчо Близнаковски,** с. р.

**518.**

Врз основа на член 58 од Законот за социјална заштита („Службен весник на СРМ“ број 9/78), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 23 ноември 1983 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА ЗАВОДОТ ЗА РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА ДЕЦА СО ОШТЕТЕН СЛУХ „КОЧО РАЦИН“ — БИТОЛА

Собранието на Социјалистичка Република Македонија дава согласност на Одлуката на Советот на Заводот за рехабилитација на деца со оштетен слух „Кочо Рацин“ во Битола, донесена на 26 сеп-

тември 1983 година, со која за директор на Заводот е именувана

Нада Чезарова — Николовска, досегашен директор на Заводот.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-3148
23 ноември 1983 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Бошко Станковски,** с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
д-р инж. **Илија Черепналковски,** с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Ванчо Близнаковски,** с. р.

---

**519.**

Врз основа на член 35 од Законот за високото образование („Службен весник на СРМ“ број 49/74 и 36/76), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 23 ноември 1983 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Се разрешуваат претставниците на општествената заедница во Стоматолошкиот факултет во Скопје, поради истек на мандатот за кој се именувани:

— Ѓорѓи Лајчарски,
— Владимир Пасинечки,
— Абелин Ќајфани,
— Јован Нацевски,
— д-р Евдокија Грковска.

За претставници на општествената заедница во Стоматолошкиот факултет во Скопје се именуваат:

1. Ангеле Божиновски, член на Советот на Републиката,
2. Драгица Миланоска, делегат во Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ,
3. Милутин Николовски, извршен секретар на Претседателството на ОК СКМ „Центар“ — Скопје,
4. Идриз Идризи, делегат во Општествено-политичкиот собор на Собранието на СРМ,
5. Илќер Мустафа, шеф за извоз во РО „Алкалоид“ — Скопје.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-3149
23 ноември 1983 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Бошко Станковски,** с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
д-р инж. **Илија Черепналковски,** с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Ванчо Близнаковски,** с. р.

**520.**

Врз основа на член 35 од Законот за високото образование („Службен весник на СРМ“ број 49/74 и 36/76), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на одделни седници на Соборот на здружениот труд и Општествено-политичкиот собор, одржани на 23 ноември 1983 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ПРЕТСТАВНИЦИ НА ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА ВО ООЗТ КЛИНИКА ЗА ИНФЕКТИВНИ БОЛЕСТИ ПРИ МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Се разрешуваат претставниците на општествената заедница во ООЗТ Клиника за инфективни болести при Медицинскиот факултет во Скопје, поради истек на мандатот за кој се именувани:

— Петар Кузмановски,
— Петар Лазовски,
— д-р Тихомир Милев.

За претставници на општествената заедница во ООЗТ Клиника за инфективни болести при Медицинскиот факултет во Скопје, се именуваат:

1. Вера Крстевска, дипломиран хемичар — инженер, на работа во „Алкалоид“ — Скопје,
2. Владимир Апостолски, помошник на главниот уредник на весникот „Вечер“ — Скопје,
3. Рамче Мустафа, санитарен инспектор во ООЗТ „Општествена исхрана“ — Рудници и железарница „Скопје“ — Скопје.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-3150
23 ноември 1983 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Бошко Станковски,** с. р.

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
д-р инж. **Илија Черепналковски,** с. р.

Претседател
на Општествено-политичкиот собор,
**Ванчо Близнаковски,** с. р.

---

**521.**

Врз основа на член 42 и член 50 став 3 од Законот за судовите на здружениот труд („Службен весник на СРМ“ број 41/75), Собранието на Социјалистичка Република Македонија, на заедничка седница на сите собори, одржана на 27 октомври 1983 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ СУДИЈА НА СУДОТ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД НА МАКЕДОНИЈА

Се разрешува од должноста судија на Судот на здружениот труд на Македонија

Панта Илиев, поради исполнување услови за пензија.

Разрешувањето се врши со важност од 27 октомври 1983 година.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 08-2968
27 октомври 1983 година
Скопје

Претседател
на Собранието на СРМ,
**Бошко Станковски,** с. р.

522.

Врз основа на член 129 од Деловникот на Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ, Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ, на седницата одржана на 23 ноември 1983 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛИ И ЧЛЕНОВИ НА РАБОТНИТЕ ТЕЛА НА СОБОРОТ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД НА СОБРАНИЕТО НА СРМ

За член на Одборот за земјоделство и шумарство на Соборот на здружениот труд се избира Ѓорѓи Михајлов.

За член на Одборот за станбено-комунални прашања и урбанизам на Соборот на здружениот труд се избира Трајче Димоски.

За член на Одборот за образование, наука и култура на Соборот на здружениот труд се избира Иван Глигоров.

За член на Одборот за општествено-политички систем на Соборот на здружениот труд се избира Трајче Јанчев.

Се разрешува од должноста член на Одборот за внатрешна политика на Соборот на здружениот труд, а се избира за член на Одборот за индустрија, енергетика, градежништво и сообраќај на Соборот на здружениот труд Душко Георгиевски.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21-3100
23 ноември 1983 година
Скопје

Претседател
на Соборот на здружениот труд,
д-р инж. **Илија Черепналковски,** с. р.

523.

Врз основа на член 84 став 2 од Законот за Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 43/81), а во врска со точка 13 од Одлуката за начинот на формирање на цените за определување на највисокото ниво на цените на нафтата и на дериватите на нафта, на средствата за ладење на мотори и на маслото за хидраулични кочници („Службен лист на СФРЈ“ бр. 18/83 и 28/83), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВАТА ШТО СЕ ИЗДВОЈУВААТ НА ПОСЕБНА СМЕТКА НА ИМЕ НАДОМЕСТОК ЗА РАЗВОЈ НА РУДНИЦИТЕ ЗА ЈАГЛЕН

Член 1

Во член 3, став 1, ред 2 од Одлуката за користење на средствата што се издвојуваат на посебната сметка на име надоместок за развој на рудниците за јаглен („Службен весник на СРМ“ бр. 22/83) износот „200.500.000“ се заменува со износот „250.039.000“ и во истиот член во прегледот по „лежиштето „Пискупштина“ се додава „лежиште „Берово“ во следните износи во динари: „49.539.000; 9.676.000; 25.008.000; 14.855.000“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија“.

Бр. 23-1888/1
2 декември 1983 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
**Стојан Андов,** с. р.

524.

Врз основа на член 173 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ

### ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОТСЕКРЕТАР ВО РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ФИНАНСИИ

За потсекретар во Републичкиот секретаријат за финансии се назначува Стефан Стоевски, досегашен потсекретар.

Бр. 17-1779/1
5 ноември 1983 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
**Кочо Тулевски,** с. р.

525.

Врз основа на член 173 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ

### ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК НА РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАР ЗА ФИНАНСИИ

За помошник на републичкиот секретар за финансии се назначува м-р Бранко Живковиќ, досегашен советник на републичкиот секретар.

Бр. 17-1782/1
5 ноември 1983 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
**Кочо Тулевски,** с. р.

526.

Врз основа на член 173 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ

### ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК НА РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАР ЗА ФИНАНСИИ

За помошник на републичкиот секретар за финансии се назначува Стојанка Најденовска, досегашен советник на републичкиот секретар.

Бр. 17-1781/1
5 ноември 1983 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
**Кочо Тулевски,** с. р.

527.

Врз основа на член 173 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ

### ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОМОШНИК НА РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАР ЗА ФИНАНСИИ

За помошник на републичкиот секретар за финансии се назначува Томо Бислимовски, досегашен помошник на републичкиот секретар.

Бр. 17-1780/1
5 ноември 1983 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
**Кочо Тулевски,** с. р.

**528.**

Врз основа на член 173 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ

### ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ПОТСЕКРЕТАР ВО РЕПУБЛИЧКИОТ ЗАВОД ЗА ОПШТЕСТВЕНО ПЛАНИРАЊЕ

За потсекретар во Републичкиот завод за општествено планирање се назначува Бошко Здравковски, досегашен помошник на директорот на Заводот.

Бр. 17-1778/1
5 ноември 1983 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
**Кочо Тулевски,** с. р.

**529.**

Врз основа на член 173 став 3 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ

### ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИЧКИОТ КОМИТЕТ ЗА ЗДРАВСТВО И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

За советник на претседателот на Републичкиот комитет за здравство и социјална политика се назначува д-р Душан Зец, досегашен советник на претседателот на Комитетот.

Бр. 17-1777/1
5 ноември 1983 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
**Кочо Тулевски,** с. р.

**530.**

Врз основа на член 96 став 3 од Законот за Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 43/81), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ВИШИ СОВЕТНИК ВО ИЗВРШНИОТ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

За виши советник во Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се именува Киро Данилов, досегашен заменик на претседателот на Републичкиот комитет за општостопански работи и пазар.

Бр. 17-1776/1
5 ноември 1983 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
**Кочо Тулевски,** с. р.

**531.**

Врз основа на член 178 став 1 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ИМЕНУВАЊЕ РЕПУБЛИЧКИ СОВЕТНИК ВО ИЗВРШНИОТ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

За републички советник во Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се именува инж. Ристо Петровски, досегашен член на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија и претседател на Републичкиот комитет за сообраќај и врски.

Бр. 17-1775/1
5 ноември 1983 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
**Кочо Тулевски,** с. р.

**532.**

Врз основа на член 178 став 1 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ИМЕНУВАЊЕ РЕПУБЛИЧКИ СОВЕТНИК ВО ИЗВРШНИОТ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

За републички советник во Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се именува Павлина Топукова, потсекретар во Републичкиот завод за општествено планирање.

Бр. 17-1774/1
5 ноември 1983 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
**Кочо Тулевски,** с. р.

**533.**

Врз основа на член 96 став 4 од Законот за Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ“ бр. 43/81), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ

### ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА СЕКРЕТАРОТ НА СЕКРЕТАРИЈАТОТ ЗА КАДРОВСКИ ПРАШАЊА НА ИЗВРШНИОТ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

За советник на секретарот на Секретаријатот за кадровски прашања на Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се назначува Јосиф Милевски, досегашен советник на секретарот.

Бр. 17-1773/1
5 ноември 1983 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
**Кочо Тулевски,** с. р.

**534.**

Врз основа на член 96 став 4 од Законот за Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 43/81), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ

### ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА СЕКРЕТАРОТ НА СЕКРЕТАРИЈАТОТ ЗА КАДРОВСКИ ПРАШАЊА НА ИЗВРШНИОТ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

За советник на секретарот на Секретаријатот за кадровски прашања на Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се назначува Илија Сапунџиоски, советник за управно-правни работи во Секретаријатот.

Бр. 17-1771/1
5 ноември 1983 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
**Кочо Тулевски,** с. р.

**535.**

Врз основа на член 96 став 4 од Законот за Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија („Службен весник на СРМ" бр. 43/81), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ

### ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ СОВЕТНИК НА СЕКРЕТАРОТ НА СЕКРЕТАРИЈАТОТ ЗА КАДРОВСКИ ПРАШАЊА НА ИЗВРШНИОТ СОВЕТ НА СОБРАНИЕТО НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

За советник на секретарот на Секретаријатот за кадровски прашања на Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија се назначува Ристо Тоневски, досегашен советник на секретарот.

Бр. 17-1772/1
5 ноември 1983 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
**Кочо Тулевски,** с. р.

**536.**

Врз основа на член 4 од Законот за основање Координационен одбор за организациите на здружениот труд кои вршат работи на надворешно-трговскиот промет („Службен весник на СРМ" бр. 44/77), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ

### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА КООРДИНАЦИОНИОТ ОДБОР ЗА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД КОИ ВРШАТ РАБОТИ НА НАДВОРЕШНО-ТРГОВСКИОТ ПРОМЕТ

1. Инж. Љубомир Коруновски се разрешува од функцијата заменик на претседателот на Координациониот одбор за организациите на здружениот труд кои вршат работи на надворешно-трговскиот промет, поради заминување на друга функција.

2. За заменик на претседателот на Координациониот одбор за организациите на здружениот труд кои вршат работи на надворешно-трговскиот промет се именува Борис Чаловски, заменик на претседателот на Републичкиот комитет за економски односи со странство.

Бр. 17-1786/1
5 ноември 1983 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
**Кочо Тулевски,** с. р.

**537.**

Уставниот суд на Македонија врз основа на член 433 од Уставот на СР Македонија и член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, по одржаната јавна расправа на 14 октомври 1983 година донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА член 32 став 3 и 5 од Одлуката за општинските даноци на граѓаните, донесена од Собранието на општина Центар — Скопје на седницата одржана на 25 февруари 1983 година („Службен гласник на град Скопје" бр. 6/83).

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ" и во „Службен гласник на град Скопје".

3 Уставниот суд на Македонија, по повод поднесена претставка и по сопствена инцијатива со решение У. бр. 66/83, од 24 јануари 1983 година, поведе постапка за оценување уставноста и законитоста на одредбите од одлуката означена во точката 1 на оваа одлука. Постапката, е поведена затоа што пред Судот се постави прашањето дали со оспорените одредби од означената одлука, при утврдувањето на данокот на имот во двоен износ за даночните обврзници кои не живеат во станот односно кои не вршат дејност во деловните простории, не се излегува од рамките и основиците утврдени со Законот за даноците на граѓаните.

4. Судот на седницата и на јавната расправа утврди дека во оспорениот член 32 став 3 од означената одлука е предвидено данокот на имот за станбени згради и станови во кои не живее даночниот обврзник односно членови на неговото семејно домаќинство да се зголемува двојно, со исклучок на станови во кои живее потстанар со решение на надлежен орган. Понатаму, Судот утврди дека во ставот 5 на овој член е предвидено данокот на имот за деловни простории во кои даночниот обврзник односно членовите на неговото семејство не вршат дејност, двојно да се зголеми, по исклучок на деловни простории кои се издадени под закуп со решение на надлежен орган. Исто така, Судот утврди дека данокот на имот, според означената одлука, се плаќа по квадратен метар корисна површина зависно од зоната, материјалот на градбата односно квалитетот на градбата.

5. Согласно член 85 став 3 од Уставот на СР Македонија, граѓаните плаќаат со закон утврдени даноци на приходите, имотот и имотните права. Општините и Републиката според член 86 став 2 од Уставот на СР Македонија и член 4 од Законот за даноците на граѓаните („Службен весник на СРМ" бр. 45/77, 9/78, 43/78, 38/81, 50/82), самостојно ја утврдуваат висината на даноците, таксите и другите давачки што според законот се нивни приходи и располагаат со нив. Според член 19 од Законот за измени и дополнувања на Законот за даноците на граѓаните („Службен весник на СРМ" бр. 50/82), на имотот во сопственост на граѓаните (станбени згради, делови од згради, станови, деловни згради и деловни простории, згради и станови за одмор и закрепнување, гаражи и други градежни објекти и простории) се плаќа данок на имот. Основицата на данокот на имот, според член

112 од Законот, е вредноста на имотот што се утврдува во сообразност со прописите за утврдување на вредноста на станбените згради, становите, деловните згради и простории во општествена сопственост. По исклучок од став 1 на овој член, општината може да пропише данок на имот за згради да се плаќа по квадратен метар корисна површина.

Од изнесените уставни и законски одредби произлегува дека општината со Устав и со Закон е овластена да ја утврдува висината на данокот, а при утврдувањето на висината на данокот како основица, според означените законски одредби, може да биде вредноста на имотот, а по исклучок квадратен метар корисна површина.

Со оглед на тоа што во оспорените одредби од означената одлука се предвидува двојно зголемување на данокот на имот за згради во зависност од тоа дали даночните обврзници живеат или не живеат во станот, односно дали вршат или не вршат дејност во деловните простории, судот утврди дека се излегува од рамките на Законот за даноците на граѓаните и се предвидува нов основ за утврдување висината на данокот на имот, што не е во согласност со означениот закон.

Со оглед на изнесеното, Судот одлучи како во точката 1 на оваа одлука.

У. бр. 66/83
14 октомври 1983 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
**Гога Николовски**, с. р.

---

По извршеното срамнување со изворниот текст утврдено е дека во текстот на Законот за изменување и дополнување на Законот за Центарот за образование на кадри за безбедност и општествена самозаштита, објавен во „Службен весник на СРМ" бр. 29/83, се поткраднале грешки, поради што се дава

ИСПРАВКА
НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЦЕНТАРОТ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ НА КАДРИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ОПШТЕСТВЕНА САМОЗАШТИТА

Во член 11-а во седмиот ред сврзникот „и" се брише.

Во член 27 по став 2 се додава нов став кој гласи: „Став 2 се брише".

Бр. 13-3139
23 ноември 1983 година
Скопје

Од Законодавно-правната комисија
на Собранието на СР Македонија

---

По извршеното срамнување со изворниот текст утврдено е дека во текстот на Законот за изменување и дополнување на Законот за прекршоците против јавниот ред и мир, објавен во „Службен весник на СРМ", бр. 29/83, се поткраднале грешки, поради што се дава

ИСПРАВКА
НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕКРШОЦИТЕ ПРОТИВ ЈАВНИОТ РЕД И МИР

Во член 11 став 1 во третиот ред наместо броевите „11 до 500" треба да стои бројот „до 500".

Во член 13 во третиот ред наместо зборот „зборовите" треба да стои зборот „броевите".

Во член 38 во вториот ред зборот „Член" треба да почнува со мала буква.

Бр. 13-3140
23 ноември 1983 година
Скопје

Од Законодавно-правната комисија
на Собранието на СР Македонија

---

## ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

ЗАЕДНИЦА НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

**318.**

Врз основа на член 31 став 1 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ" број 18/83) и член 142 став 1 точка 4 од Статутот на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, донесен на седницата одржана на 22 јуни 1983 година, Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 24 ноември 1983 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА АКОНТАТИВНО УСОГЛАСУВАЊЕ НА ПЕНЗИИТЕ И ПАРИЧНИТЕ НАДОМЕСТОЦИ СО ДВИЖЕЊЕТО НА НОМИНАЛНИТЕ ЛИЧНИ ДОХОДИ ВО 1983 ГОДИНА

Член 1

Старосните, инвалидските и семејните пензии без заштитниот додаток, како и паричните надоместоци во врска со професионална рехабилитација и вработување на инвалидите на трудот аконтативно се усогласуваат за 22 отсто.

Член 2

Усогласувањето на пензиите од член 1 на оваа одлука припаѓа на сите пензии освен на пензиите на корисниците на пензија чија последна година од работата во смисла на член 25 од Законот за основните права од пензиското и инвалидското осигурување е годината за која се врши усогласувањето.

Член 3

Пензиите со усогласувањето од член 1 на оваа одлука не може да го надминат износот од 43.300,00 динари.

Член 4

Пензијата со додатокот на носител на „Партизанска споменица 1941" и на корисник на паричен надоместок за пензија остварена во странство, со усогласувањето од член 1 на оваа одлука не може да го надмине износот одреден според член 9 став 3 од Законот за основните права на носителите на „Партизанска споменица 1941", односно член 74 став 2 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

Пензијата на борец од НОВ пред 9 септември 1943 година, определена според член 42 став 2 од Законот за основните права од пензиското и инвалидското осигурување („Службен лист на СФРЈ" бр. 35/72, 18/76, 58/76, 22/78 и 74/80) и член 53 став 4 и член 58 став 2 од Законот за основните права од пензиското и инвалидското осигурување („Службен лист на СФРЈ" бр. 23/82 и 77/82), со усогласувањето од член 1 на оваа одлука не може да го надмине износот определен според истите одредби за 1984 година.

Член 5

Како основица за усогласување на пензиите и паричните надоместоци според оваа одлука се зема износот на пензијата без заштитен додаток, односно паричниот надоместок што на корисникот му припаѓал на 31 декември 1983 година не земајќи го предвид вонредното усогласување на пензиите во 1983 година.

Член 6

На пензиите усогласени според оваа одлука се определува нов износ на заштитен додаток според соодветната одлука.

Член 7

Усогласувањето на пензиите и паричните надоместоци според оваа одлука ќе се изврши по службена должност, без донесување на решение.

Член 8

При конечното усогласување на пензиите со движењето на номиналните лични доходи во 1983 година ќе се земе предвид и усогласувањето по оваа одлука.

Член 9

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1984 година.

Бр. 3069/1
24 ноември 1983 година
Скопје

Претседател,
д-р **Тихомир Милев**, с. р.

**319.**

Врз основа на член 28 став 1 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ" број 18/83), Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 24 ноември 1983 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА АКОНТАТИВНАТА ВИСИНА НА НАЈНИСКИОТ ИЗНОС НА ПЕНЗИЈА ВО 1984 ГОДИНА

Член 1

Најнискиот износ на пензиите во 1984 година аконтативно се утврдува во висина од 5.030 динари.

Член 2

Исплатата на најнискиот износ на пензиите од член 1 на оваа одлука ќе се врши по службена должност, без донесување на писмено решение.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1984 година.

Бр. 02-3070/1
24 ноември 1983 година
Скопје

Претседател,
д-р **Тихомир Милев**, с. р

**320.**

Врз основа на член 29 став 2 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на СРМ" број 18/83), Собранието на Самоуправната интересна заедница на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија, на седницата одржана на 24 ноември 1983 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА АКОНТАТИВНАТА ВИСИНА НА ГРАНИЧНИОТ ИЗНОС НА НАЈНИСКОТО ПЕНЗИСКО ПРИМАЊЕ ВО 1984 ГОДИНА

Член 1

Граничниот износ на најниското пензиско примање, кој служи за определување висината на заштитниот додаток, за 1984 година аконтативно се утврдува во висина од 9.140 динари.

Член 2

На досегашните корисници на заштитен додаток по службена должност ќе им се утврди нов износ на заштитен додаток на пензијата според износот од член 1 на оваа одлука.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 1984 година.

Бр. 02-3072/1
24 ноември 1983 година
Скопје

Претседател,
д-р **Тихомир Милев**, с. р.

РЕПУБЛИЧКА ЗАЕДНИЦА ЗА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

**321.**

Врз основа на член 218 од Законот за предучилишно и основно воспитание и образование („Службен весник на СРМ" бр. 19/83) и согласно определбите на Резолуцијата за општествено-економскиот развој на Републиката за 1983 година, а во согласност со Собранието на Социјалистичка Република Македонија, Собранието на Републичката самоуправна интересна заедница за основно образование — Скопје, на седницата од 21 ноември 1983 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕН ТРУД И ДРУГИТЕ САМОУПРАВНИ ОРГАНИЗАЦИИ И ЗАЕДНИЦИ ОД ПЛАЌАЊЕ НА ПРИДОНЕС НА ЛИЧЕН ДОХОД ОД РАБОТЕН ОДНОС НА РЕПУБЛИЧКАТА САМОУПРАВНА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ — СКОПЈЕ ЗА МЕСЕЦ ДЕКЕМВРИ 1983 ГОДИНА

Член 1

Организациите на здружен труд и другите самоуправни организации и заедници се ослободуваат од плаќање на придонес на личен доход од работен однос на Републичката самоуправна интересна заедница за основно образование за месец декември 1983 година, кој е утврден со Одлуката за утврдување стапка на придонес од личен доход од работен однос за обезбедување средства на Републичката самоуправна интересна заедница за основно образование за 1983 година, број 18-623/1 од 28 ноември 1982 година, објавена во „Службен весник на СРМ" број 4/83.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ".

Бр. 18-685/2
21 ноември 1983 година
Скопје

Претседател,
**Димо Петрески**, с. р.

ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — КОЧАНИ

**322.**

Врз основа на член 199 став 1 точка 6 од Статутот на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кочани, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување, на седницата на соборите на делегатите работници — корисници на услуги и делегатите — даватели на услуги, одржана на 24 ноември 1983 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ЗДРАВСТВО И ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ И СТАПКАТА НА ПОСЕБНИОТ ПРИДОНЕС ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ВО СТРАНСТВО ЗА 1983 ГОДИНА

Член 1

Во Одлуката за стапките на придонесот за здравство и здравствено осигурување на работниците и стапката на посебниот придонес за користење на здравствена заштита во странство за 1983 година, бр. 0203-61 од 18. II. 1983 година („Службен весник на СРМ“ бр. 9/83), се врши следната измена:

Во член 1 став 1 по зборовите: „Стапката на придонесот за здравство и здравствено осигурување за 1983 година се определува во висина од“ бројката „6,5%“ се заменува со бројката „7,5%“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се применува од наредниот ден по нејзиното донесување и истата ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 0203-367
24 ноември 1983 година
Кочани

Претседател на Собранието
**Благој Георгиев,** с. р.

ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — КУМАНОВО

**323.**

Врз основа на член 103 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на СРМ“ број 10/83) и член 156 став 1 точка 1 од Статутот на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Куманово („Службен гласник на општината Куманово бр. 10/79, 10/81 и 2/83), Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Куманово, на седницата на Соборот на делегатите — корисници на услуги — работници и Соборот на делегатите на работниците во здравствените организации — даватели на услуги, одржана на 24 ноември 1983 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ПРЕСТАНОК НА ПРИМЕНУВАЊЕТО НА ОДЛУКАТА ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ОД ЛИЧЕН ДОХОД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ

Член 1

Одлуката за намалување на стапката на придонесите од личен доход за здравствено осигурување на работниците, што ја донесе Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Куманово, на седницата од 26 мај 1983 година („Службен весник на СРМ“ бр. 20/83), престанува да се применува заклучно со месец октомври 1983 година.

Член 2

За месеците ноември и декември 1983 година ќе се применува стапката утврдена во Одлуката за утврдување на стапката на придонесот за здравствено осигурување на работниците бр. 03-3089/1 од 27. XII. 1977 година („Службен весник на СРМ“ бр. 11/78), чија важност е продолжена и во 1983 година („Службен весник на СРМ“ број 4/83).

Член 3

Сите обврзници за уплата на придонес се должни за месец ноември и декември 1983 година да го уплатат придонесот од личен доход по стапка од 7,50% како што е утврдено во наведената одлука во претходниот член.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 03-1854/1
24 ноември 1983 година
Куманово

Претседател,
**Јордан Спасовски,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА — РАДОВИШ

**324.**

Врз основа на член 14 од Статутот на ОСИЗ за социјална заштита — Радовиш, а во согласност со Законот за располагање на вишоците на приходите на СИЗ-овите („Службен лист на СФРЈ“ бр. 31/83 и 41/83), Собранието на ОСИЗ за социјална заштита — Радовиш, на седницата одржана на 23 ноември 1983 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ СТАПКАТА НА ПРИДОНЕС ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА — РАДОВИШ ЗА МЕСЕЦИТЕ НОЕМВРИ И ДЕКЕМВРИ 1983 ГОДИНА

Член 1

Се менува член 1 став 1 од Одлуката за определување висината на стапката на придонесите за социјална заштита на општина Радовиш за 1983 година и гласи:

„Се ослободува од плаќањето на стапките на придонесите од социјална заштита и тоа:

1. придонес од доход од ОЗТ од стопанство, по стапка од 0,38%, за месеците ноември и декември 1983 година;

2. придонес од бруто личен доход од работен однос по стапка од 0,32% за месеците ноември и декември 1983 година.“

Член 2

Одлуката за ослободување стапките на придонес од социјална заштита е од привремен карактер и истата се однесува само во дадениот момент за месеците ноември и декември 1983 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1. XI. 1983 година.

Бр. 03-46
23 ноември 1983 година
Радовиш

Претседател,
**Стојан Захариев,** с. р.

ЗАЕДНИЦА НА ОБРАЗОВАНИЕТО — ВИНИЦА
325

Врз основа на член 21 од Статутот на ОСИЗ за образование и наука — Виница, Собранието на Заедницата, на седницата одржана на 16 ноември 1983 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УКИНУВАЊЕ ПРЕСМЕТКОВНАТА СТАПКА ЗА ЗДРУЖУВАЊЕ НА СРЕДСТВАТА ВО ОСИЗ ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА — ВИНИЦА ЗА ПЕРИОДОТ ДЕКЕМВРИ 1983 ГОДИНА

Член 1

Се укинува пресметковната стапка за здружување на средства во ОСИЗ за образование и наука — Виница за периодот од 1. XII. 1983 година до 31. XII. 1983 година и тоа:

— од доходот на стопанството, во износ од 5% и

— од бруто личниот доход на нестопанството, во износ од 5%.

Член 2

Одлуката влегува во сила со нејзиното донесување, а ќе се применува од 1. XII 1983 година до 31. XII 1983 година.

Член 3

Одлуката ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Член 4

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката бр. 13/6 од 8. III. 1983 година.

Бр. 168
ноември 1983 година
Виница

Претседател,
**Методи Христов,** с. р.

# *Огласен дел*

## СУДСКИ ОГЛАСИ

### ОПШТИНСКИ СУД ВО ТЕТОВО

Пред Општинскиот суд во Тетово се води постапка за утврдување на договор по тужбата на тужителот Ристовски — Ристиќ Милош од село Беловиште, сега на привремена работа во САД, против тужените Ристовски Блажев Божидар од с. Беловиште, а сега со непознато место на живеење во САД, и Ристовски Блажев Чедомир, со место на живеење во САД.

Се повикуваат тужените Ристовски Божидар и Ристовски Чедомир, во рок од 30 дена од објавувањето на огласот, да се јават во судот или да одредат полномошник кој ќе ги застапува по овој спор. Во спротивно судот преку Центарот за социјални работи — Тетово ќе им постави привремен старател кој ќе ги застапува до правосилното окончување на постапката

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 1384/82

Пред Општинскиот суд во Тетово се води спор за стекнување без основ по тужбата на тужителите Мустафа Укче и Мустафа Али, двајцата од Тетово, ул. „Благоја Тоска" бр. 89, против тужениот Зеќири Иљаз од с. Теново, а сега на привремена работа во Западна Германија со непозната адреса.

Се повикува тужениот да се јави во судот, достави адреса или да одреди полномошник кој ќе го застапува по овој предмет во рок од 30 дена од објавувањето на огласот. Во спротивно судот ќе му постави привремен старател преку Центарот за социјални работи — Тетово.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 1368/83.

Пред Општинскиот суд во Тетово се води постапка за надомест на штета по тужбата на тужителот Деари Деара Сервет од с. Гајре, против тужениот Даути Гафура Исни, од с. Гајре, а сега со непозната адреса во Белград. Вредност на спорот 3.000,00 динари.

Се повикува тужениот Даути Гафура Исни од с. Гајре, а сега со непозната адреса во Белград, во рок од 30 дена од објавувањето на огласот, да се јави во овој суд или да одреди свој полномошник. Во спротивно ќе му биде поставен привремен старател кој ќе ги штити неговите права во постапката сè до окончувањето на спорот.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 1085/83.

Пред Општинскиот суд во Тетово поднесена е тужба за сопственост на недвижен имот од тужителот Ризвани Алија Музафер од с. Мала Речица, Тетовско, против тужениот Имеровиќ Јакупов Имер од Тетово, а сега со непозната адреса во Република Турција.

Се повикува тужениот Имеровиќ Јакупов Имер да се јави во Општинскиот суд во Тетово во рок од еден месец од објавувањето на огласот или, пак, да одреди свој полномошник, кој ќе ги штити неговите интереси во судот. По истекот на овој рок на тужениот ќе му биде поставен старател преку Центарот за социјални работи во Тетово кој ќе ги штити неговите интереси до окончувањето на постапката.

Од Општинскиот суд во Тетово, П. бр. 1529/83.

### ОПШТИНСКИ СУД ВО СТРУГА

Пред Општинскиот суд во Струга во тек е вонпарнична постапка за докажување смртта на лицето Дани (Незири) Атице од с. Делогожда, општина Струга, СРМ, кое наводно умрело во 1954 година во с. Делогожда, а во матичните книги не е заведено.

Поради тоа се поканува ова лице, во колку е живо, како и секој оној што знае за лицето да се јави во овој суд во рок од 20 дена од објавувањето на огласот во „Службен весник на СРМ" и на огласната табла на Општинскиот суд во Струга По истекот на овој рок судот ќе донесе решение со кое лицето Дани (Незири) Атице ќе се прогласи за умрено.

Од Општинскиот суд во Струга, Р. бр. 291/83

## РЕГИСТАР НА ОРГАНИЗАЦИИТЕ НА ЗДРУЖЕНИОТ ТРУД

Окружниот стопански суд во Скопје со решението Фи. бр. 939 од 31. X. 1983 година, на регистарска влошка бр. 2-1867-0-0-0 го запиша во судскиот регистар основањето и конституирањето на Молеро-фарбарската задруга „Пролет", Р. О. — Скопје, ул. „Огњан Прица" бб.

Задругата е основана со Самоуправната спогодба од 22. VIII. 1983 година.

Основачи на задругата се: Ивановски С. Борис — Скопје, Илиевски П. Мице — Скопје, Трајчевски П. Никола — Скопје, Андрејевски Т. Живко — Скопје и Кочковски Б. Петре — Скопје.

Основни дејности: молеро-фарбарска и антикорозивна заштита на челични конструкции на завршни работи во градежништвото; тапетарско-декоратерска дејност.

Во правниот промет со трети лица задругата иступа во свое име и за своја сметка.

За обврските сторени во правниот промет со трети лица задругата одговара со сите свои средства.

За обврските на задругата што не можеле да се намират од средствата со кои располага задругата, одговараат супсидијарно и здружените занаетчии до висината на средствата утврдени со Самоуправната спогодба за здружување на занаетчиите во задругата, односно до висината од по 5.000,00 динари за секој здружен занаетчија, за секоја заклучена работа.

Лице овластено за застапување е Ивановски С Борис, в. д. директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 939/83. (479)

---

Окружниот стопански суд во Битола со решението Фи. бр. 260 од 16. IX. 1982 година, на регистарска влошка бр. 30 ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Општинската самоуправна интересна заедница на културата — Ресен со следните податоци: Заедницата на културата — Ресен ќе ја застапува Александар Крстевски, секретар, со неограничени овластувања.

Му престанува овластувањето за застапување на Грнчаровски Димитар.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 260/82. (256)

---

Окружниот стопански суд во Битола со решението Фи. бр. 255 од 13. IX. 1982 година, на регистарска влошка бр. 13 ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Самоуправната интересна заедница за вработување — Ресен со следните податоци: Михајло Диневски се именува за секретар на СИЗ за вработување — Ресен, без ограничување.

Му престанува овластувањето на Ламбе Пупалевски.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 255/82. (257)

Окружниот стопански суд во Битола со решението Фи. бр. 261 од 16. IX. 1982 година, на регистарска влошка бр. 9 ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Општинската самоуправна интересна заедница за социјална заштита — Ресен со следните податоци: Заедницата ќе ја застапува Хаџиевски Стефан Александар, в. д. секретар, со неограничени овластувања.

Му престанува овластувањето на Пецалевски Ј. Здравко.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 261/82. (258)

---

Окружниот стопански суд во Скопје со решението Фи. бр. 897 од 18. VIII. 1983 година, на регистарска влошка бр. 1-180-0-0-0 ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на СОЗТ Музеи на Македонија — Етнолошки музеј на Македонија, Ц. О. — Скопје со следните податоци: Се брише досегашниот застапник Марија Хаџи Пецева, индивидуален работоводен орган, без ограничување, а се запишува како нов зстапник Иветиќ Анка, в. д. индивидуален работоводен орган, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 897/83. (343)

---

Окружниот стопански суд во Скопје со решението Фи. бр. 672 од 1. VII. 1983 година, на регистарска влошка бр. 2-12-0-0-0 ја запиша во судскиот регистар прибелешката за здружување на Земјоделската задруга „Братство единство", Р О, — Горно Лисиче — Скопје со следните податоци: Се запишува прибелешката за здружување на Земјоделската задруга „Братство единство" — с. Градошорци — Струмица со Земјоделската задруга „Братство единство" Р. О — Горно Лисиче — Скопје.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 672/83. (344)

Окружниот стопански суд во Скопје со решението Фи. бр. 907 од 25. VIII. 1983 година, на регистарска влошка бр. 1-1744-16-0-0 ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Работната организација за основно воспитание и образование „Карпош", О. Сол. О. со ООЗТ — Скопје, ООЗТ Централно основно училиште „Бајрам Шабани", — с. Кондово — Скопје со следните податоци: Се брише досегашниот застапник Баки Бакиу, в. д. директор, без ограничување, а се запишува како нов застапник Алили Реџеп, директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр 907/83. (345)

---

Окружниот стопански суд во Скопје со решението Фи. бр. 902 од 24. VIII. 1983 година, на регистарска влошка бр. 1-1196-0-0 ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Земјоделски факултет, О. Сол. О. — Скопје, ООЗТ Институт за проучување на почвите — Скопје, булевар „Југославија" бб со следните податоци: Се брише досегашниот застапник на ООЗТ проф. д-р Јован Спировски, директор, без ограничување, а се запишува како нов застапник доц. д-р Муса Зиберовски, директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 902/83. (346)

---

Окружниот стопански суд во Скопје со решението Фи. бр. 890 од 10. VIII. 1983 година, на регистарска влошка бр. 1-1196-1-0-0 ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Земјоделски факултет, О. Сол. О. со ООЗТ — Скопје, ООЗТ Институт за полоделство и градинарство — Скопје, булевар „Југославија" бб со следните податоци: Досегашниот в. д. директор д-р Дијаманди Корнети, без ограничување, се запишува како директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 890/83. (347)

---

Окружниот стопански суд во Скопје со решението Фи. бр. 903 од 23. VIII. 1983 година, на регистарска влошка бр. 2-1726-0-0-0 ја запиша во судскиот регистар промената на лицето овластено за застапување на Занаетчиската услужна задруга „Изолит", Р. О. — Скопје, ул. „852" бр. 3 со следните податоци: Се брише досегашниот застапник Ковачевиќ Лука, в. д. директор, а се запишува како нов застапник Синадиновски Димитар директор, без ограничување.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 903/83. (348)

---

Окружниот стопански суд во Битола со решението Фи. бр. 254 од 31. VIII. 1983 година, на регистарска влошка бр. 43 го запиша во судскиот регистар престанокот на Тутунското училиште „НХ Орде Чопела" — Прилеп со следните податоци: Престана со работа и се брише од судскиот регистар Тутунското училиште „НХ Орде Чопела" — Прилеп, поради здружување со ХТУЦ „Борка Талески" — Прилеп и Земјоделското училиште со практична обука „К. Јосифовски-Питу", с. Славеј и се организира и конституира нова работна организација РО Земјоделско-прехранбен, тутунски училишен центар „НХ Орде Чопела" — Прилеп, ЦО — рег. вл. 667.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 254/83. (380)

---

Окружниот стопански суд во Битола со решението Фи. бр. 255 од 31. VIII. 1983 година, на регистарска влошка бр. 275 го запиша во судскиот регистар престанокот на ОЗТ Земјоделско училиште „Кузман Јосифовски-Питу", с. Славеј со следните податоци: Престана со работа и се брише од судскиот регистар Земјоделското училиште со практична обука „К. Ј. Питу" с. Славеј, поради здружување со Тутунското училиште „НХ Орде Чопе-

ла“ — Прилеп и ХТУЦ „Борка Талески“ — Прилеп и се организира и конституира нова РО Земјоделско-прехранбен, тутунски училишен центар „НХ Орде Чопела“ — Прилеп со ЦО, рег. вл. 667.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 255/83. (381)

---

Окружниот стопански суд во Битола со решението Фи. бр. 261 од 31. VIII. 1983 година, на регистарска влошка бр. 5 го запиша во судскиот регистар престанокот со работа на РО „Илија Игески-Цветан“ — Прилеп со следните податоци: Престана со работа и се брише од судскиот регистар Индустрискиот училишен центар од текстилна и рударско-неметална насока „Илија Игески-Цветан“ — Прилеп, поради здружување со Техничко-дрвопреработувачкото училиште, финален смер „Трајко Бошкоски-Тарцан“ — Прилеп и се организира и конституира нова работна организација Училишен центар за производни занимања „25 Мај“ со ц. о — Прилеп.

Од Окружниот стопански суд во Битола, Фи. бр. 261/83. (382)

---

Окружниот стопански суд во Скопје со решението Фи. бр. 1130 од 2. VII. 1983 година, на регистарска влошка бр. 2-1149-0-0-0 ја запиша во судскиот регистар промената-проширувањето на дејноста на „Вардар“ — молерофарбарска, антикорозивна и хидроизолатерска задруга, Ц. О. и ограничено емство — Скопје со следните податоци:

Дејноста на задругата се проширува со следните дејности:

— печатење на текстил и

— фирмописачки работи.

Од Окружниот стопански суд во Скопје, Фи. бр. 1130/82. (342)

---

# КОНКУРСИ

Собирот на работниците при „СТАКЛОПЛАСТ“ Г. О. — Скопје, ул. „175“ бр. 20, со Одлуката бр. 02—135 донесена на седницата одржана на ден 5. XI. 1983 година

распишува

**КОНКУРС**

за именување на индивидуален работоводен орган — директор на задругата

Покрај општите услови утврдени со Законот, кандидатот треба да ги исполнува и следните посебни услови:

— да е КВ работник од определено занимање од дејноста на задругата;

— да има работно искуство 6 години во струката;

— да поседува морално-политички квалитети:

— во досегашната работа да покажал спремност за развој на самоуправните односи;

— да има проверени резултати во однос на стручните, организаторските и другите работни способности;

— да не е осудуван за кривични дела согласно член 511 од ЗЗТ.

Пријавите се поднесуваат до Конкурсната комисија на „СТАКЛОПЛАСТ“ — Скопје, ул. „157“ бр. 20, во рок од 15 дена сметано од денот на објавувањето на конкурсот.

Кон пријавата се поднесуваат следните документи:

— доказ за школската подготовка,

— доказ за работното искуство,

— кратка биографија со податоци за движењето во работата,

— уверение дека против кандидатот не се води истрага.

Изборот ќе се изврши во рок од 30 дена од денот на истакнувањето на рокот за поднесување на пријавите. (465)

Училиштето за медицински сестри — техничари и акушерки — Штип

распишува

**КОНКУРС**

за избор на директор

Покрај со Закон предвидените услови кандидатот треба да ги исполнува и следните услови:

1. да има завршено соодветна група на образование за наставници: факултет, висока школа, уметничка академија, како и лице кое ги исполнува условите за наставник во Училиштето;

2. да има морално-политички квалитети;

3. да има работно искуство во просветната струка најмалку 6 год.;

4. да се истакнува со педагошко-наставничка работа и да поседува организациони способности.

5. уверение дека не е под истрага.

Молбите со потребните документи се доставуваат до конкурсната комисија при Училиштето.

Конкурсот трае 15 дена од објавувањето. (464)

---

Работничкиот совет на Работната организација за промет на мало и големо „Црни Врв“ — Пробиштип

распишува

**КОНКУРС**

за избор на комерцијален директор

Кандидатите кои ќе се пријават на конкурсот, покрај општите услови предвидени со Законот за работните односи треба да ги исполнуваат и следните посебни услови:

— да имаат завршено високо или више образование;

— да имаат 5 години работно искуство по дипломирањето, од кое 2 години на раководно работно место;

— да имаат морално-политички квалитети;

— да не е под истрага и да нема пречки за именување по член 511 од ЗЗТ.

Кон молбата кандидатите да достават:

— диплома за високо или више образование,

— доказ за работното искуство;

— уверение дека не се под истрага;

— да се достави и кратка биографија за работното искуство.

Молбите со потребната документација се доставуваат во рок од 15 дена од денот на објавувањето до Комисијата за работни односи. (467)

---

Работничкиот совет на РО „Стокопромет“ експорт-импорт — Скопје, ООЗТ „Прилеп“ — Прилеп

распишува

**КОНКУРС**

за реизбор — повторно именување на директор на основната организација

Покрај општите услови предвидени со Законот, кандидатите треба да ги исполнуваат и следните посебни услови:

1. да имаат виша стручна подготовка од економска, правна или комерцијална насока, или средна стручна подготовка со работно искуство од 6 години на раководно работно место во РО за промет со прехранбени и други артикли;

2. да имаат морално-политички квалитети, афирмираност на работник за самоуправување и самоуправни односи на здружениот труд и изразити деловни работи и организаторски способности;

3. да не се осудувани за кривични дела предвидени во чл. 511 од Законот за здружен труд.

Конкурсот останува отворен 15 дена од објавувањето во „Службен весник на СРМ“.

Пријавите со доказите за исполнување на конкурсните услови се доставуваат до конкурсната комисија на основната организација.

Неблаговремени пријави нема да се земаат предвид при разгледувањето. (484)

Работничкиот совет на Здравствената установа „Дебарски Бањи“ — Дебар

распишува

**КОНКУРС**

за избор на:

1. управник на деловната единица Центар за ревматизам и медицинска рехабилитација Косоврашка Бања — Косоврасти;

2. секретар на работната организација;

3. шеф на комерцијала на работната организација.

Покрај општите услови предвидени со закон, кандидатите треба да ги исполнуваат и следните посебни услови:

За точка 1:

— лекар специјалист,

— лекар од општа практика со положен стручен испит и 2 години работно искуство.

За точка 2:

— високо образование од правна насока со 1 година работно искуство;

— више образование од правна насока со 5 години работно искуство.

За точка 3:

— високо образование од економска насока со 1 година работно искуство;

— више образование од економска насока со 5 години работно искуство.

Кандидатот под 1, 2, и 3 да поседува морално-политички квалитети.

Со молбата кандидатите да достават: диплома или уверение за школското образование, доказ за работното искуство, доказ дека против нив не се води истрага ниту е подигнато обвинение и кратка биографија.

Молбите со соодветните документи да се доставуваат до конкурсната комисија на ЗУ „Дебарски Бањи“ — Дебар во рок од 15 дена од денот на објавувањето.

Некомплетираните документи немаат да се земаат во разгледување. (493)

---

Задружниот совет на Земјоделската задруга „Дамјан Груев“, с. Русиново

распишува

**КОНКУРС**

за именување (реизбор) на индивидуален работоводен орган на Земјоделската задруга „Дамјан Груев“, с. Русиново

Кандидатите кои ќе се пријавуваат на конкурсот, покрај општите услови предвидени со Законот за работните односи, треба да ги исполнуваат и следните посебни услови·

1. да имаат висока или виша школска подготовка — земјоделски, економски или правен смер со раководно работно искуство од 5 (пет) години;

2. да поседуваат морално-политички квалитети;

3. да покажале спремност со досегашното работење за развојот на самоуправните односи и

4. да не се осудувани за кривични дела по член 511 од Законот за здружениот труд.

Молбите со потребните документи се доставуваат до Конкурсната комисија на адреса: Земјоделска задруга „Дамјан Груев“, с. Русиново, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на објавувањето на конкурсот. (494)

Врз основа на член 71 од Статутот на Комбинираната детска установа „Втори септември“ од Демир Хисар, Собирот на работните луѓе при оваа установа, врз основа на донесената одлука

распишува

**КОНКУРС**

за именување на работоводен орган — директор (реизбор) на работната организација

Покрај општите услови предвидени со Законот, кандидатите треба да ги исполнуваат и следните посебни услови:

— да имаат завршено филозофски факултет-педагошка група-насока за предучилишни педагози, филозофски факултет — педагошка група за еднопредметна педагогија, или филозофски факултет — група педагогија — двопредметни студии, група психологија, филолошки факултет — група македонски јазик и група историја на книжевностите на народите на СФРЈ, факултет за музичка уметност — наставна насока, факултет за ликовни уметности — наставна насока и факултет за физичка култура — наставна насока, ако имаат завршено специјалистичка студија за предучилишни педагози;

— да имаат завршено педагошка академија — отсек за воспитувачи;

— да имаат едногодишно работно искуство во областа на образованието и воспитувањето.

Конкурсот е отворен 15 дена од денот на објавувањето.

Молбите со потребните документи се доставуваат до Конкурсната комисија на Комбинираната детска установа „Втори септември“ — Демир Хисар.

Некомплетираните и ненавремено доставените документи нема да бидат земени предвид при разгледувањето. (500)

---

Комисијата за избор и именување на Собранието на општината Прилеп

ОБЈАВУВА

дека Собранието на општината Прилеп ќе врши избор на еден судија во Општинскиот суд Прилеп

Кандидатите кои ги исполнуваат условите предвидени во член 247 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ“ бр. 45/80) и посебните услови предвидени во член 91 од Законот за редовните судови („Службен весник на СРМ“ бр. 17/79), пријавите да ги доставуваат до Комисијата за избор и именување на Собранието на општината Прилеп, во рок од 20 дена сметано од денот на објавувањето во „Службен гласник на општината Прилеп“, односно заклучно со 13. 12. 1983 година. (499)

---

## СОДРЖИНА

Страна

509. Измени на Резолуцијата за политиката на остварувањето на Општествениот план на Социјалистичка Република Македонија за периодот од 1981 до 1985 година во 1983 година — — — — — 657

510. Закон за изменување и дополнување на Законот за привремена забрана на располагањето со дел од општествените средства на општините, Републиката и на самоуправните интересни заедници од општествените дејности за потрошувачката во 1983 година — — — — — 657

511. Одлука за разрешување и именување претставници на општествената заедница во Универзитетскиот центар на уметностите — Скопје — — — — — — — 658
512. Одлука за разрешување и именување претставници на општествената заедница во Универзитетскиот центар за медицински науки во Скопје — — — — — 659
513. Одлука за разрешување и именување претставници на општествената заедница во Медицинскиот факултет во Скопје 659
514. Одлука за именување претставници на општествената заедница во Факултетот за физичка култура и членови на Комисијата за изготвување предлог за избор на декан на Факултетот за физичка култура во Скопје — — — — — — 659
515. Одлука за именување претставник на општествената заедница во ООЗТ Архитектонски факултет во Скопје — — — 660
516. Одлука за разрешување и именување претставник на општествената заедница во Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ во Скопје — — — 660
517. Одлука за разрешување и именување претставник на општествената заедница во Економскиот факултет во Штип — 660
518. [illegible] вање директор на Заводот за рехабилитација на деца со оштетен слух „Кочо Рацин“ — Битола — — — — — — 660
519. Одлука за разрешување и именување претставници на општествената заедница во Стоматолошкиот факултет во Скопје — — — — — — — — — 661
520. Одлука за разрешување и именување претставници на општествената заедница во ООЗТ Клиника за инфективни болести при Медицинскиот факултет во Скопје — — — — — — — — — 661
521. Одлука за разрешување судија на Судот на здружениот труд на Македонија — 661
522. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за избор на претседатели и членови на работните тела на Соборот на здружениот труд на Собранието на СРМ — — — — — — — — — — 662
523. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за користење на средствата што се издвојуваат на посебна сметка на име надоместок за развој на рудниците за јаглен — — — — — — — 662
524. Решение за назначување потсекретар во Републичкиот секретаријат за финансии 662
525. Решение за назначување помошник на републичкиот секретар за финансии — 662
526. Решение за назначување помошник на републичкиот секретар за финансии — 662
527. Решение за назначување помошник на републичкиот секретар за финансии — 662
528. Решение за назначување потсекретар во Републичкиот завод за општествено планирање — — — — — — — — — 663
529. Решение за назначување советник на претседателот на Републичкиот комитет за здравство и социјална политика — 663
530. Решение за именување виши советник во Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија 663
531. Решение за именување републички советник во Извршниот совет на Собранието на СРМ — — — — — — — 663
532. Решение за именување републички советник во Извршниот совет на Собранието на СРМ — — — — — — —
533. Решение за назначување советник на секретарот на Секретаријатот за кадровски прашања на Извршниот совет на Собранието на СРМ — — — — — 663
534. Решение за назначување советник на секретарот на Секретаријатот за кадровски прашања на Извршниот совет на Собранието на СРМ — — — — — 664
535. Решение за назначување советник на секретарот на Секретаријатот за кадровски прашања на Извршниот совет на Собранието на СРМ — — — — — — — 664
536. Решение за разрешување и именување заменик на претседателот на Координациониот одбор за организациите на здружениот труд кои вршат работи на надворешно-трговскиот промет — — — 664
537. Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 66/83 од 14 октомври 1983 година — — — — — — — — — 664
**Исправка** на Законот за изменување и дополнување на Законот за Центарот за образование на кадри за безбедност и општествена самозаштита — — — — 665
**Исправка** на Законот за изменување и дополнување на Законот за прекршоците против јавниот ред и мир — — — 665

**Општи акти на самоуправните интересни заедници**

СКОПЈЕ
318. Одлука за акontативно усогласување на пензиите и паричните надоместоци со движењето на номиналните лични доходи во 1983 година — — — — — — 665
319. Одлука за утврдување на акontативната висина на најниskиот износ на пензија во 1984 година — — — — — — — 666
320. Одлука за утврдување на акontативната висина на граничниот износ на најниското пензиско примање во 1984 година 666
321. Одлука за ослободување на организациите на здружен труд и другите самоуправни организации и заедници од плаќање на придонес на личен доход од работен однос на Републичката самоуправна интересна заедница за основно образование — Скопје за месец декември 1983 година — — — — — — — 666
КОЧАНИ
322. Одлука за измена на Одлуката за стапките на придонесот за здравство и здравствено осигурување на работниците и стапката на посебниот придонес за користење на здравствена заштита во странство за 1983 година — — — — 667
КУМАНОВО
323. Одлука за престанок на применувањето на Одлуката за намалување на стапката на придонесот од личен доход за здравствено осигурување на работниците — 667
РАДОВИШ
324. Одлука за ослободување од плаќање стапката на придонес за социјална заштита — Радовиш за месеците ноември и декември 1983 година — — — — — 667
ВИНИЦА
325. Одлука за укинување на пресметковната стапка за здружување на средствата во ОСИЗ за образование и наука — Виница за периодот декември 1983 година 66

**Издавач: Новинско-издавачка работна организација Службен весник на СРМ — Скопје, ул. „29 Ноември“ бр. 10-а. Пошт. фах 51. Телефон 228-204. Одговорен уредник Петар Јаневски. Жиро сметка број 40100-603-12498 кај СОК — Скопје. Печати Графички завод „Гоце Делчев“ — Скопје**